КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Октомври, 2001



# ХАРИ ОУЛЕСКИ

**Хари Дудески**

Роден во Прилеп 1974
Дипломиран графичар со графички дизајн.
Магистрант на ФЛУ - Скопје кај проф. Костадин Танчев-Динка.

**Самостојни изложби:**

1998 - Прилеп, Културен центар Марко Цепенков
1998 - Битола, Уметничка галерија

**Групни изложби:**

1996 - Скопје, Сули ан, Изложба по повод Драгутин Аврамовски - Гуте
1996 - Неготино, Изложба од студентската графичка колонија
1996 - Белград, Југославија, Студентско биенале на графика
1996 - Скопје, Дом на АРМ, Изложба по повод 50 години О.О.Н.
1997 - Скопје, СИАБ
1997 - Скопје, Дом на АРМ, Изложба на дипломирани студенти на ФЛУ
1997 - Лесковац, Југославија, Трето меѓународно Биенале на графика мал формат
1998 - Прилеп, Изложба на млади ликовни уметници од Прилеп
1998 - Синт Никлас, Белгија, Изложба на графика **"Ex libris"**
1998 - Ријека, Хрватска, Втора меѓународна изложба **"Ex libris"**
1999 - Лесковац, Југославија, Четврто меѓународно Биенале на графика мал формат
1999 - Скопје, КИЦ, Графичка мапа на ФЛУ
1999 - Белград, Југославија, Изложба на графика мал формат
1999 - Ужице, Југославија, Меѓународно Биенале на графика сува игла
2000 - Истанбул, Турција, Студентско интернационално арт триенале
2000 - Вироинвал, Белгија, Изложба на мал формат

**Ликовни колонии**:

1996 - Неготино, Студентска ликовна колонија
1998 - Прилеп, Меѓународна ликовна колонија
1998 - Кичево, Меѓународна ликовна колонија
1998 - Михајлово, Кавадарци, Ликовна колонија
1998 - Валандово, Ликовна колонија
1999 - Лесново, Меѓународна ликовна колонија
1999 - Михајлово, Кавадарци, Ликовна колонија

Dudeski Hari graphic artist from the younger generation after a multi-year extended participation in domestic and international group exhibitions of graphic arts, this time is been presented with 15 artistic works prepared in graphic techniques serigraphy and dry point, which simultaneously are part of the defense of the Masters (M..A.) exam. Hari possesses a convincing feeling for the artistic expression of the forms which very often find their dawn in the field of abstractness as a quintessence of these emotional wave-like motions remains the elan of the movingly colored sensations through which the motif begets a second degree importance. Namely, the recipient of the prints is followed by the pictural process and that is experienced independent of the thematic meaning. A characteristic of the prints made in serigraphy technique is the creation of successful ratio of the line rhytmics, the forms and values enriched with enumerate inventively marked short graphical notes making association of a single perfectionist arabesque.

The motive of the portraits present in part of print sheets emit an expressionistic note especially in the descriptive part, but in the selection of the colors defining the coloristic gamma some type of " duffis " easiness can be felt, presence of the ornament in the interpretation of the shades without affection.

Although in the serigraphies the need for gestual act of disintegration potentiates for then again to join the pieces together and direct them towards their needle of the abundance of lines, thinner and heavier forms without strong coloristic intonation, the contrary is the case with dry point. The attitude, concept and the iconics of the artistic contents are similar, but the dry point expresses strongly featured lines which moving through the depths of the metal plate creates forms structurally condensed and saturated, deeply " black colored " homogenizing groups of artistically opposed entireties.

The process of denaturalization of his self-portrait Hari planed through organized and enlarged raster areas to the degree of monumentness. Disintegration of the forms is necessary to rich the abstract symbolisation. Throughout the further artistically visualised communication reintegrative process on its own occurs; realistic restitution of the optics in the conception of the work, reduction of the plastic values.

In the upgrade of his creative vision Hari leaves behind the three-dimensional show of the artistic expression so that through the contract of linear contents in dry point and the colored calligraphic arabesques and spatial harmonic rhythms he can promote illusion of morphologic dissociation as an autonomic aesthetic value in the serigraphies.

Mirko Vujisic, M.A.









Дудески Хари, графичар од помладата генерација, после повеќе годишно учество на домашни и меѓународни групни изложби на графики овојпат се презентира со 15 графики работени во графичките техники сериграфија и сува игла, кои се воедно и дел од одбраната на магистерскиот испит.
Кај Хари е убедливо чувството за ликовниот израз на формите кои често заоѓаат во полето на апстрактноста. Како квинтесенција на овие емотивни бранувања останува полетот на раздвижените боени сензации преку кои мотивот се здобива со второстепена важност. Имено, реципиентот во графиките го прати пиктуралниот процес и него го доживува независно од тематското значение.
Карактеристично за графиките изработени во техниките сериграфија е создавањето на успешен соодност во ритмирањето на линиите, формите и валерите збогатени со безброј инвентивно забележани кратки графички записи, кои асоцираат на една совршена арабеска.
Мотивот на ликови присутни во дел од графичките листови, емитуваат една експресионистичка нота особено во дескриптивниот дел, но во изборот на боите кои ја дефинираат колористичката гама се чувствува некоја "дифиевска" леснотија, присуство на орнаментот во интерпретација на облиците без афектација.
Додека во сериграфиите нагласна е потребата да низ еден гестуален чин се разградат, повторно формираат и упатат кон своето средиште мноштво на линии, потенки и помасивни форми, без силна колористичка интонација, во сувата игла се случува спротивното. Ставот, концептот и иконичноста на ликовните содржини се слични, но сувата игла изразува една силна експресивна линија која движејќи се низ длабините на металната плоча создава форми кои се структурално згуснати и заситени, длабоко црно "обоени " хомогенизирајќи групи на ликовно спротивставени целини.
Процесот на денатурализација во својот автопортрет Хари го осмислил преку организирани зголемени растерски површини до степен на монументалност. Дезинтеграција на формите е потреба да се допре до апстрактната знаковност. Низ понатамошната ликовно визуелна комуникација се случува своевиден реинтегративен процес; реално воспоставување на оптиката во поимување на делото, редукција на пластичните вредности.
Во надградбата на својата творечка визија Хари ја напушта тродимензионалната претстава во ликовниот израз, а преку склопот на линеарните содржини во сувата игла и обоените калиграфски арабески и просторни хармониски ритмови во сериграфиите промовира илузија на морфолошка расчленетост како автономна естетска вредност.

м-р Вујисиќ Мирко

Hari Dudeski

Born in Prilep 1974
Graduated at the F.F.A. in Skopje, Printmaking Department in the class of Prof. Kostadin Tancev-Dinka.
Since 1998 a Post-graduate student at the F.F.A.-Skopje with Prof. Kostadin Tancev as Mentor.

Solo Exhibitions:
1998 - Prilep, Kultural Center Marko Cepenkov
1998 - Bitola, Art Gallery
Group Exhibitions:
1996 - Skopje, Suli An, Dragutin Avramovski-Gute Foundation
1996 - Negotino, Art Workshop Prints
1996 - Belgrade, Yugoslavia, Student Biennial of Graphic Art
1996 - Skopje, Army House, Exhibition on the Occassion of UN
1997 - Skopje, SIAB
1997 - Skopje, Army House, Graduated Students From FFA, Skopje generation 97/98
1997 - Leskovac, Yugoslavia, III International Biennial of small format print
1998 - Prilep, Young artists from Prilep
1998 - Sint Niklas, Belgium, Exhibition of "Ex libris" print
1998 - Rijeka, Croatia, II International Exhibition of "Ex libris" print
1999 - Leskovac, Yugoslavia, IV International Biennial of small format print
1999 - Skopje, KIC, Graphic map of FFA
1999 - Belgrade, Yugoslavia, Exhibition of small format print
1999 - Uzice, Yugoslavia, International Biennial of dry point print
2000 - Istanbul., Turkey, Student International Art Triennial
2000 - Viroinval, Belgium, X International Exhibition of small format of paper
Art Collonies:
1996 - Negotino, Student Collony
1998 - Prilep, International Art Collony
1998 - Kicevo, International Art Collony
1998 - Mihajlovo, Kavadarci, Art Collony
1998 - Valandovo, Art Collony
1999 - Lesnovo, International Art Collony
1999 - Mihajlovo, Kavadarci, International Art Collony

Adress: Kej 1 Maj 10v, 7500, Prilep, Macedonia
tel: 048 415605
Puskinova 4-2-33,1000 Skopje, Macedonia
tel: 02 773248
e-mail: dhari@dwp.net

